**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# Граѓанско образование

## за IX одделение

**Скопје, 2026 година**

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Граѓанско образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | IX (деветто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • Граѓаните и општеството<br>• Економија и претприемништво |
| **Број на часови** | 1 час неделно/36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Дигитални паметни (смарт) уреди<br>• Учебник<br>• Енциклопедии<br>• Хамер, флипчарт, маркери, хартија за цртање, боички, ножички, лепило, леплива лента, компјутер, ЛЦД проектор<br>• Списанија, весници, интернет-портали, социјални мрежи<br>• Аудиовизуелни снимени содржини, апликации (прилагодени на возраста) |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по предметот Граѓанско образование во деветто одделение може да ја изведува:<br>• дипломиран професор по историја, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран историчар, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран историчар-архивист, со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високо-образовни установи, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран професор по историја со археологија – наставна насока, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран професор по социологија, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен |

| | |
|---|---|
| | • дипломиран социолог, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран професор по философија, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран философ, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен<br>• дипломиран професор по филозофија и граѓанско образование, ниво на квалификации VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Општество и демократска култура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VI-A.1 | Да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки; |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| VI-A. 5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-A. 6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-A.9 | да препознае ранливи групи во општеството, да учествува во хуманитарни и волонтерски акции и истите да ги поддржува; |

| | |
|---|---|
| VI-A.10 | да се заштити себеси и другите во кризни ситуации и при елементарни непогоди; |
| VI-A.12 | критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него; |
| VI-A.13 | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување; |
| VI-A.14 | да ги анализира и дискутира одговорностите на извршната, законодавната и судската власт во правната држава и улогата на државата во заштитата на човековите права; |
| VI-A.15 | да идентификува ситуации во кои граѓаните можат да влијаат врз животот во заедницата и да се ангажира за подобрување на состојбите; |
| VI-A.16 | да препознава ситуации на злоупотреба на моќта, да го објаснува штетното влијание на корупцијата врз единката, групата и општеството и да се спротивставува на ваквите појави во опкружувањето; |
| VI-A.17 | да го анализира влијанието на пишаните, електронските и социјалните медиуми врз јавното мислење и да избира веродостојни извори на информации врз кои ќе ги базира сопствените ставови; |
| VI-A.18 | критички да анализира закани од небалансираниот развој врз животната средина и активно да придонесува кон нејзината заштита и унапредување; |
| VI-A.19 | да ја објаснува важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамките на училиштето; |
| VI-A.20 | да ја објаснува улогата на меѓународните организации и сојузи во современото општество и да ги анализира вредностите и продобивките од европската интеграција; |
| VI-A.21 | да го разликува значењето на поимите: нација, народ, етничка заедница, граѓани и индивидуи; на појавите: етничка и национална припадност, патриотизам и национализам, мнозинство и малцинство; како и на концептите: територија, регион, држава, општество, власт и сл. и соодветно да ги користи во различните контексти на кои се однесуваат; |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б.1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-Б.2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.3 | човековите права се универзални, а границите на правата на секој човек се правата и слободите на другиот; |
| VI-Б.4 | неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општеството во целина; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |

| | |
|---|---|
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината; |
| VI-Б.8 | секој граѓанин е должен да ги почитува законите, правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите; |
| VI-Б.9 | секој граѓанин треба да презема одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот; |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и за почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество; |
| VI-Б. 13 | националниот идентитет,кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните трансверзални подрачја на Националните стандарди:

***Јазична писменост, Дигитална писменост, Личен и социјален развој, Техника, технологија и претприемништво и Уметничко изразување и култура***

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| I-A.2 | да познава и да користи различни форми на писмено изразување: литературни (песна, краток расказ, излагање/говор, литературен есеј, дневник и др.) и нелитературни (тематски есеј, известување, барање, соопштение, реклама и др.); |
| I-A.3 | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови; |
| I-A.5 | да подготви и одржи говор со различна содржина и за различна цел, имајќи го предвид аудиториумот (возраста и етничкиот/културниот диверзитет); |
| I-A.8 | да разбира содржини на аудиопораки: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од пораките и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.9 | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови; |
| I-A.10 | да разбира визуелно прикажани содржини (дијаграми,табели и графикони, илустрации, анимации и др.), да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира визуелно прикажаните содржини и да ги објасни (писмено и усно); |
| I-A.12 | да користи информации од различни извори и медиуми и критички да пристапува кон нив, земајќи ги предвид изворот, контекстот, целта и веродостојноста на презентираните информации. |
| III-A.5 | да препорачува/применува размер во различни контексти од секојдневниот живот, |
| IV-A.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| IV-A.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |

| | |
|---|---|
| IV-A.12 | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |
| IV-A.13 | да дефинира критериуми за квалитет на дигитални продукти и решенија, вклучувајќи ги иновативноста и корисноста; |
| V-A.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример: родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (например: ученик, син/ќерка); |
| V-A.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-A.5 | да ги препознава емоциите кај себе и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-A.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-A.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себе си и по другите; |
| V-A.10 | да применува етички начела привреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-A.11 | да дејствува самостојно,со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| V-A.12 | успешно да се справува со социјалните притисоци; |
| V-A.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања, со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |

| | |
|---|---|
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-A.20 | критички да ги анализира информациите и доказите според релевантни критериуми; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VII-A.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот; |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII-A.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти; |
| VIII-A.8 | да го препознава значењето и да ги објаснува придобивките и предизвиците од глобализацијата и поврзаноста на локалните прашања со глобалните движења; |
| VIII-A.9 | да препознае и објасни како културата на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот; |
| VIII-A.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предрасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување; |
| VIII-A.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на другите култури. |
| | *Ученикот/ученичкатаразбира и прифаќадека:* |
| I-Б.4 | содржината и начинот на изразување на сопственото мислење можат да придонесат за одржување и за подобрување на комуникацијата, но и да предизвикаат недоразбирање и конфликти; |
| III-Б.5 | љубопитноста и иновативноста се клучни за развивање на научно-истражувачката мисла; |
| III-Б.9 | треба да ги разбира предностите, ограничувањата и ризиците на научните теории и нивната примена и да покажува развиен однос кон носење правилни одлуки и градење вредности, вклучително и моралниот аспект при решавањето проблеми. |
| IV-Б.3 | потенцијалите на икт ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |

| | |
|---|---|
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибер насилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.5 | од начинот на кој пристапува кон решавањето на проблемите и разрешувањето на конфликтите зависи дали проблемите ќе бидат решени, односно дали конфликтите ќе бидат разрешени; |
| V-Б.6 | успехот во животот во голема мера зависи од целите кои ќе си ги постави, а од начинот на кој ќе ги планира активностите и ќе го организира времето во голема мера зависи ефикасноста и ефективноста во остварувањето на поставените цели; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите,за остварување на целите и за надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна –какошто има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима; |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесуваат за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можност за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

**Тема: ГРАЃАНИТЕ И ОПШТЕСТВОТО**

**Вкупно часови: 14**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. го објасни значењето на индивидуалните и заедничките цели во општеството;
2. го споредува третманот на граѓаните во демократските и автократските општества и последиците по граѓаните од различниот третман;
3. објаснува како граѓаните може да влијаат врз донесувањето одлуки и воведувањето промени во општеството;
4. да објасни што значи социјално одговорно однесување на граѓаните и да наведе преку кој вид однесување се практикува социјална одговорност.

Ученикот/ученичката ќе:

5. стекне позитивен став кон демократските принципи на дејствување;
6. развива негативен став кон неодговорно практикување моќ во општеството.

| Содржини (и поими) | Стандарди за оценување |
|---|---|
| • **Целите на граѓаните и на општеството** (индивидуални цели, заеднички цели, индивидуализам, колективизам) | • Ги опишува (преку примери) разликите меѓу индивидуалните и заедничките цели на припадниците на едно општество.<br>• Наведува и опишува примери на заеднички цели кои ги споделуваат повеќето припадници на едно општество.<br>• Објаснува како заедничките цели се менуваат и како општество настојува да ги задоволи.<br>• Ги наведува критериумите по кои се прави разлика меѓу индивидуалистички и колективистички ориентирани општества и ги опишува карактеристиките на едниот и другиот вид општество. |
| • **Граѓаните во демократските и авторитарните општества** (режим, диктатор, мнозинство, малцинство) | • Ги објаснува (преку примери) варијациите во политичките системи предизвикани од разликите во важноста што општеството им ја припишува на индивидуалните и на заедничките цели, од улогата што ја имаат лидерите и од учеството на граѓаните во донесувањето одлуки.<br>• Ги споредува демократските и авторитарните општества во поглед на очекувањата за |

| | |
|---|---|
| | однесување на граѓаните.<br>• Ги наведува и објаснува (преку примери) предностите што ги имаат граѓаните кои живеат во демократско општество.<br>• Ги наведува и објаснува (преку примери) предностите кои им се ветуваат на граѓаните во авторитарните општества. |
| • **Граѓаните како фактори на одлучување и воведување промени во општеството** (практикување моќ, интересни групи, синдикати, професионални здруженија, граѓански организации) | • Објаснува (преку примери) како се практикува моќ во општеството преку заплашување, повикување на емоциите и ширење пропаганда.<br>• Објаснува (преку примери) што значи одговорно практикување моќ при донесување одлуки во општеството (мотиви, методи и ставови).<br>• Објаснува (преку пример) како граѓаните преку групно дејствување може да придонесат за промени во општеството. |
| • **Социјална одговорност на граѓаните** (почитување на другите, граѓански активизам, грижа за животната средина, етичка потрошувачка, залагање за социјална правда и еднаквост, градење на заедницата, доживотно учење, финансиска одговорност) | • Опишува конкретни активности преку кои се практикуваат: почитувањето на другите, граѓанскиот активизам**,** грижата за животната средина, етичката потрошувачка, застапувањето за социјална правда и еднаквост, градењето на заедницата, доживотното учење и финансиската одговорност.<br>• Објаснува (преку пример) зошто почитувањето на другите, граѓанскиот активизам**,** грижата за животната средина, етичката потрошувачка, застапувањето за социјална правда и еднаквост, градењето на заедницата, доживотното учење и финансиската одговорност се сметаат за социјално одговорно однесување. |

**Примери за активности**

- Наставникот го објаснува значењето на заеднички цели (цели коишто општеството би сакало да ги постигне; општеството како целина има корист од нивното остварување). Учениците, поделени во групи, влечат по едно ливче на кое е напишана една од следните заеднички цели: (1) вложување средства во заштита на животната средина, (2) обезбедување здравствена заштина за сите, (3) борба против корупцијата, (4) намалување на врсничкото насилство и (5) подобрување на родовата еднаквост во политичкото дејствување. Задача на секоја група е да објасни зошто смета дека „нивната“ цел е битна за општеството (зошто е важно општеството да се стреми да ја постигне таа цел), да ги наведе проблемите кои може да се јават кога личните цели на некои поединци се спротивни на „нивната“ заедничка цел (пр: кога општеството бара да се спречи ширењето на заразни болести преку вакцинација, а одделни родители одбиваат да ги вакцинираат своите деца затоа што мислат дека така ги заштитуваат) и да опише како општеството настојува да ја задоволи таа цел. По презентацијата на сработеното од страна на сите групи, заедничките цели на кои работеа групите се запишуваат на табла, се додаваат и нови на предлог на

учениците и сите заеднички се рангираат според важноста за општеството во целина. На крајот, во заедничка дискусија се заклучува по што индивидуалните и заедничките цели се разликуваат и се резимира како општество настојува да ги задоволи заедничките цели.

- Учениците, поделени во групи, добиваат задача да наведат по три заеднички цели што биле карактеристични за општествата во минатото, а се разликуваат од заедничките цели присутни во современите општества и да објаснат како/зошто дошло до промени во целите. Наставникот може да им го даде следниот пример: порано заедничка цел било сите да завршат основно образование (само основното образование било задолжително), а сега е заедничка цел сите да завршат најмалку средно образование (сега и средното образование е задолжително), а причина за тоа е што општеството има потреба од граѓани со повисоко ниво на образование, а тоа произгегува од тоа што потребата за повисоко образование на граѓаните од индивидуална цел на одделни граѓани станала заедничка цел на скоро сите граѓани. Откако сите групи ќе го презентираат сработеното, се дискутира како промените на индивидуално и ооштествено ниво доведуваат до промени во целите – некои индивидуални цели стануваат заеднички, а некои заедничките цели не се сметаат веќе за заеднички затоа што стануваат спротивни на индивидуалните цели на многу граѓани.
- Наставникот ја наведува основната ралика меѓу индивидуалистички и колективистички ориентираните општества (индивидуалистичките ја нагласуваат слободата на дејствување на секој граѓанин во остварување на сопствените индивидуални цели, а колективистички даваат предност на групното дејствување на граѓаните во оставрување на заедничките цели). Потоа учениците се делат во групи и секоја група добива работен лист на кој се наведени реченици кои опишуваат различни аспекти на едните и другите општества (без ознаките во заградата по секоја реченица):
  (1) *Секој граѓанин знае што е најдобро за него/не. (И-1)*
  (2) *Власта има ограничена улога во општеството. (И-5)*
  (3) *Се очекува општеството да им помогне на граѓаните да изберат што е најдобро за нив. (К-1)*
  (4) *На граѓаните им е потребна сигурност и заштита за да го подобрат својот живот. (К-6)*
  (5) *Граѓаните најдобро дејствуваат како дел од поголема група. (К-2)*
  (6) *Граѓаните најдобро придонесуваат за општеството доколку самите се грижат за себе. (И-4)*
  (7) *Од секој граѓанин се очекува самиот да си најде начин како да ги задоволи своите потреби. (И-2)*
  (8) *Граѓаните очекуваат нивните потреби да бидат задоволени преку ресурсите што ги обезбедува општеството. (К-3)*
  (9) *Секој има корист доколку општеството е сплотено и силно. (К-4)*
  (10) *Се очекува секој граѓанин да дејствува самостојно. (И-2)*
  (11) *Власта има суштинска улога во општеството. (К-5)*
  (12) *Граѓаните се најсреќни кога постигнуваат индивидуални успеси. (И-6)*

  Задача на групите е прво да ги најдат паровите реченици кои се опишуваат ист аспект (според броевите дадени во заградата по секоја

реченица), а потоа да определат која од парот реченици опишува индивидуалистички, а која колективистички оиентирано општество (според буквите И/К во заградата по секоја реченица). По завршување на задачата групите прво ги презентираат и усогласуваат паровите реченици кои се однесуваат на ист аспект, а потоа наведуваат која реченица на кој вид општество се однесува и објаснуваат зошто го мислат тоа. Додека траат презентациите, наставникот ги запишува на табла (во посебни колони) описите на едниот и на другиот вид општество. По завршување на презентациите, преку анализа на запишаното на табла во отворена дискусија, се заклучува дека двата вида општества се разликуваат според: (1) кои цели (индивидуалните или заедничките) ги сметаат за поважни, (2) дали им е поважен сопствениот интерес и слонувањето на себе си или безбедноста и поддршката од другите, (3) дали се смета општеството се унапредува преку индивидуални или преку групни активности и (4) каква е улогата на власта во општеството. Потоа групите ученици добиваат задача, преку истражување на интернет, да најдат примери на држави за кои е типичен едниот или другиот вид општество и да ги презентираат пред другите. На крајот, во отворена дискусија се даваат примери од секојдневниот живот за тоа како функционира нашето општество во поглед на секој од описите дадени на работниот лист и заеднички се констатира зошто неговата ориентација е колективистичка.

- Учениците се делат во мали групи. Во рамки на својата група, секој учесник ги споделува сопствените искуства во врска со функционирањето на своето семејство во поглед на тоа: (1) колкава важност им припишуваат на личните цели на секој член на семејството, односно на заедничките цели на целото семејство, (2) кој ја има улогата на лидер во семејството и од каде го црпи авторитетот за таа улога и (3) колкави се учеството и придонесот на секој член од семејството во донесувањето одлуки за прашањата поврзани со семејството. При споделувањето на искуствата во групата се издвојуваат и забележуваат констатираните разлики од едно до друго семејство во поглед на трите аспекти. По завршување на задачата, групите го презентираат сработеното, по што заеднички се констатираат и запишуваат (на табла) разликите на ниво на цела паралелка. Потоа, од учениците се бара да си замислат како општеството да е огромно семејство чие функционирање се обезбедува преку политичкиот систем кој зависи од разликите во трите аспекти кои беа претходно разгледувани во врска со семејството. Сега, истите групи добиваат задача да си замислат дека живеат во идеално општество и да го опишат политичкиот систем кој обезбедува функционирање на општеството од аспект на тоа: (1) дали поголема важност им припишуваат на индивидуалните или на општествените цели, (2) кои ја има улогата на лидери во општеството и од каде лидерите го црпат авторитетот за улогата што ја имаат и (3) колкави се учеството и придонесот на граѓаните во донесувањето одлуки за важните општествени прашања. По завршување на задачата, секоја група го опишува своето идеално општество и објаснува зошто го смета за идеално.
- Учениците се делат во групи. Од групите се бара, користејќи ги предзнаењата дополнети со информации од интернет, да подготват презентација со која ќе го опишат (со зборови и слики) режимот на Сталин (половина од групите) односно режимот на Хитлер (другата половина од групите), преку одговарање на следните прашања:
    - *(1) Во која држава и во кој период Сталин/Хитлер биле носители на на власта?*
    - *(2) Како биле избрани/поставени за политички лидери?*

*(3) Врз основа на какви ветувања дошле на власт?*
*(4) Пред кого одговарале за своите постапки?*
*(5) Кои цели се сметале за најважни во општеството?*
*(6) Како се донесувале одлуките за прашањата битни за општеството?*
*(7) Колку/како граѓаните учествувале во одлучувањето?*
*(8) Како биле третирани граѓаните кои не се согласувале со власта?*
*(9) Колку биле слободни медиумите во известувањето за настаните?*

По завршување на задачата, сите групи што работеле на режимот на Сталин меѓусебно ги презентираат сознанијата до кои дошле и подготвуваат заедничка презентација. Истата постапка се спроведува и во групите кои работеле на режимот на Хитлер. Двете презентации се прикажуваат пред паралелката, по што, во отворена дискусија се резимираат придобивките кои им биле ветувани на граѓаните, се открваат заедничките карактеристики на двата режима и се заклучува дека и Сталин и Хитлер биле диктатори кои владееле во држави со крајно авторитарни политички системи.

- Две спротивни точки во училницата (или училишниот двор) се означуваат се ДЕМОКРАТИЈА (едната) и со АВТОКРАТИЈА (другата) и меѓу нив се означува замислена линија. Наставникот ги чита следните тврдења едно по друго, а по секое прочитано тврдење учениците се групираат во крајните точки, или евенуално се редат на линијата поблиску до едната или до другата точка (во заградата по секое тврдење се дадени очекуваните одговори):

*(1) Власта регира на потребите и барањата на граѓаните. (Д)*
*(2) Одлуките ги донесува мнозинството. (Д)*
*(3) Лидерите ги поставуваат правилата и ги донесуваат одлуките. (А)*
*(4) Избрани или назначени лица ги претставуваат граѓаните во власта. (Д)*
*(5) Малцинските групи немаат права и не се заштитени од злоупотреба. (Д)*
*(6) Лидерите се однесуваат како тие да се единствените кои знаат што е најдобро за граѓаните. (А)*
*(7) Мнозинството граѓани имаат огранчени права. (А)*
*(8) Од граѓаните се бара да бидат послушни и да ѝ служат на државата. (А)*
*(9) Граѓаните може да членуваат во политичка партија по свој избор. (Д)*
*(10) Слободно може да се критикуваат различни аспекти од општественото живеење. (Д)*
*(11) Власта е во рацете на еден човек или на мала група луѓе. (А)*
*(12) Неистомислениците на власта се контролираат со ширење страв и користење сила. (А)*
*(13) Одговорноста за донесените одлуки ја споделуваат поединци и групи. (Д)*

По позиционирањето за дадено тврдење, дел од учениците објаснуваат зошто застанале таму, при што предност во објаснувањето им се

дава на оние кои избрале да застанат на замислената линија, наместо во групата околу на крајните точки.

По завршување со сите тврдења, учениците, со помош на наставникот, ги резимираат карактеристиките на демократските и на автократските политички системи и во отворена дискусија се заклучува дека има демократски држави во кои не се почитуваат до крај демократските принципи, поради што во некои аспекти може да наликуваат на автократските политички системи. На крајот, учениците ги резимираат предностите што ги имаат граѓаните кои живеат во држави со демократски политички систем.

- Учениците следат презентација во која се објаснува дека на луѓето на им треба определена моќ за да може да влијаат на одлуките што се донесуваат во општеството и се опишуваат начините на практикување моќ од страна на поединци, која се користи за да ги натераат другите да дејствуваат на определен начин: (1) преку заплашување (страв од апсење и затворање, страв од насилство, прогон или тортура, страв од економски тешкотии и невработеност), (2) повикување на емоциите (предизвикуваат чувства на национална гордост и лојалност) и (3) ширење пропаганда (ширење пристрасни и еднострани информации со кои се насочува вниманието на јавноста во посакувана насока).

  Потоа, на учениците, поделени во чест групи, им се дава задача да смислат како може да се наметне вољата на поединци преку моќта што се демонстрира на секој од трите начини во следните ситуации (по една ситуација на група/две групи на иста ситуација):

  (А) *Директорот на училиштето сака за Претседател на Ученичката заедница да се избере ученик што не го заслужува тоа.*

  *(Б) Сопственик на градежна форма сака да гради зграда на место со кое не се согласуваат граѓаните.*

  *(В) Градоначалникот сака да се дозволи да работи фабрика што го загадува воздухот во околината.*

  По презентација на сработеното, се води дискусија за последиците од практикувањето на моќта на наведените начини со цел да се заклучи дека на тој начин всушност се злоупотребува моќта.
- Учениците, поделени во мали групи, добиваат работен лист на кој треба да ги заокружат карактеристики кои би требало да ги поседува Претседателот на Ученичката заедница доколку од него/неа очекуваат да издејствува промени во училиштето што ќе бидат во нивен интерес (со ☑ се означени очекуваните одговори):

  *(1) Влева доверба во можноста да се предизвика промена во училиштето.* ☑

  *(2) Дејствува деструктивно и/или безуспешно кога се работи за заедничките цели на учениците.*

  *(3) Активно демонстрира лична посветеност на решавање на проблемите во училиштето.* ☑

  *(4) Вложува напор за воведување промени како поединец или како дел од група.* ☑

  *(5) Наместо самиот/самата отворено да поддржува промени во училиштето, ги поттикнува другите ученици да го прават тоа.*

  *(6) Ги зема предвид последиците од постапките што ги презема и/или ги поддржува.* ☑

  *(7) Мотивите за дејствување му/ѝ се неизвесни или двосмислени.*

  *(8) Дејствува повеќе во интерес на учениците отколку за задоволување на сопствени интереси.* ☑

  По завршување на задачата групите ги презентираат избраните карактеристики и за секоја од нив објаснуваат зошто ја избрале, а исто така

објаснуваат и зошто не ги избрале другите. Потоа наставникот го објаснува поимот *одговорно практикување на моќта* и посочува дека карактеристиките кои ги издвоија во претходната активност претставуваат одлики на одговорно практикување моќ. На крајот, од учениците се бара да замислат дека училиштето го претставува општеството, а Претседателот на Ученичката заедница ги претставува лидерите во општеството, па се отвора дискусија во која треба да се резимираат карактеристиките на одговорно практикување моќ од страна на лидерите и да се заклучи дека при избор на лидерите и давање моќ во нивни раце треба да се земат предвид нивните мотиви (причините зошто дејствуваат на определен начин), нивните методи на дејствување (начините на кои дејствуваат) и нивните ставови (како гледаат на промените што треба да се воведат).

- Учениците следат презентација во која се наведува дека граѓаните може полесно да придонесат да се случат промени во општеството доколку дејствуваат како група (наместо како поединци) и се објаснува што претставуваат интересни групи (синдикати, професионални здруженија и граѓански организации) и со која цел се формираат. Потоа, учениците поделени во групи, истражуваат на интернет за интересни групи од различна природа кои во поблиското или подалечното минато преку своето дејствување успеале да внесат забележителни промени во општеството. Секоја група издвојува еден таков пример за кој не учеле претходно и подготвува презентација (наставникот води сметка секоја група да работи на различен пример) во која ги наведува/објаснува мотивите (причините за дејствување), методите (начините на кои дејствувале) и ставовите (како гледале на промените што настојувале да ги предизвикаат). По завршување на задачата, секоја група го презентира сработеното. На крајот, во заедничка дискусија се резимираат мотивите, методите и ставовите на групно дејствување.
- Наставникот наведува што се подразбира под *социјална одговорност на граѓаните* (етичка обврска и должност на граѓаните кон својата заедница, општеството и животната средина што ги опфаќа нивните постапки и ставови кои придонесуваат за благосостојбата на другите и на поширокото општество) и ги наведува и објаснува следните нејзини аспекти:
    1. *Почитување на другите* **(**третирање на другите достоинствено, добронамерно и со почит, независно од нивниот потекло, верување или социоекономски статус, со емпатија, сочувство и разбирање кон лицата кои можеби се маргинализирани или обесправени)
    2. *Граѓански активизам* **(**активно учество во подобрување на заедницата и општеството во целина преку гласање на избори, ангажирање во општествено корисна работа и волонтирање)
    3. *Грижа за животната средина* (воздржување од постапки што ја загадуваат животната средина, зачувување на природните ресурси и заштита на биолошката разновидност)
    4. *Етичка потрошувачка* (користење производи и услуги од фирми кои внимаваат на работните услови и заштитата на животната средина)
    5. *Застапување за социјална правда и еднаквост* (активно дејствување за создавање поправедно општество, спротивставување на дискриминацијата, предрасудите и нееднаквоста и промовирање еднакви можности за сите)

6. Градење на заедницата (придонесување за благосостојбата на локалната заедница преку градење позитивни односи и поддршка на локални на локални иницијативи и организации)
7. *Доживотно учење* (посветеност на личниот развој, информирање за тековните работи и отфрлање на дезинформациите)
8. *Финансиска одговорност* (етичко и одговорно управување со сопствените финансии, плаќање даноци, избегнување финансиска измама или експлоатација)

Потоа учениците, поделени во групи, добиваат задача за секој од наведените аспекти да смислат пример на нечие однесување од секојдневниот живот (реален или измислен) кој ќе илустрира како конкретниот аспект се практикува во пракса на социјално одговорен начин и пример како се практикува на социјано неодговорен начин. По завршување на задачата групите ги презентираат примерите што ги смислиле – сите групи за првиот аспект, па сите групи за вториот итн. По секој аспект заеднички се дискутира зошто едниот вид однесување се смета за социјално одговорно, а другиот за социјално неодговорно. (По потреба, а ктивноста може да се реализира во повеќе часови.)

**Тема: ЕКОНОМИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО**
**Вкупно часови: 22**

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. ги објасни основните економски поими и нивната улога во функционирањето на економијата;
2. објаснува како ограниченоста на ресурсите и неограниченоста на потребите влијаат врз економските одлуки;
3. го објасни влијанието на понудата и побарувачката врз цената на производите и услугите;
4. ја објасни улогата на парите во економијата и начините на нивно користење;
5. објаснува што претставува профит и од кои фактори зависи успешноста на фирмите;
6. ги споредува пазарната, регулираната и комбинираната економија според нивните карактеристики, предности и недостатоци;
7. го објасни значењето на претприемништвото и улогата на претприемачите во економскиот развој;
8. ги анализира можностите и предизвиците при отворање нов бизнис и значењето на истражувањето на пазарот.

Ученикот/ученичката ќе:

9. развива позитивен став кон претприемништвото, иновативноста и одговорното економско дејствување;
10. развива свест за значењето на општествено одговорното работење и етичкото однесување во економијата.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • **Основни поими во економијата** | • Ги наведува видовите ресурси и нивното значење за обезбедување производи и услуги. |

| | |
|---|---|
| (ресурси: природни ресурси, човечки ресурси, капитални ресурси, суровини; производи и услуги; недостиг, ограниченост на ресурсите; неограниченост на потребите, понуда и побарувачка, производител, потрошувач, корисник, куповна моќ, пари, банкарски сметки, акции, обврзници, банкноти) | • Објаснува (преку примери) како односот меѓу ограниченоста на ресурсите и неограниченоста на човековите потреби и желби влијае врз економијата.<br>• Ги наведува и објаснува (преку примери) факторите кои влијаат врз понудата на определен производ.<br>• Ги наведува и објаснува (преку примери) факторите кои влијаат врз побарувачката на определен производ.<br>• Објаснува (преку пример) како цената на производите зависи од односот меѓу понудата побарувачката.<br>• Ја објаснува (преку примери) функцијата на парите во економијата. |
| • **Профитабилни и општествено одговорни фирмите**<br>(профит, приход, трошок, дистрибуција) | • Објаснува (преку пример) што претставува профит.<br>• Објаснува (преку пример) како се остварува и од што зависи профитот на фирмите.<br>• Ги наведува и објаснува (преку пример) карактеристиките на општествено одговорните фирми. |
| • **Економски систем**<br>(пазар, регулирана, пазарна и комбинирана економија; приватен и јавен сектор; отворен пазар, конкуренција, *даноци, економска сигурност, економски раст и развој) | • Ја наведува и опишува разлика меѓу пазарната и регулираната економија во поглед на тоа кој ги носи економските одлуки.<br>• Наведува и објаснува (преку примери) најмалку по две предности и недостатоци на регулираната и на пазарната економија.<br>• Ги споредува регулираната  и пазарната економија во поглед на економската сигурност и економскиот раст и развој што ги обезбедуваат. |
| • **Претприемништво и претприемачи**<br>(претприемач, бизнис, фирма, компанија) | • Опишува што е бизнис, користејќи конкретен пример.<br>• Опишува што е претприемништво, користејќи конкретен пример.<br>• Ги наведува и објаснува (преку примери) особините на успешен претприемач.<br>• Опишува дејност на фирма чиј бизнис е насочен кон решавање проблем и објаснува кој проблем го решава и како.<br>• Опишува дејност на фирма чиј бизнис е поттикнат од препознати можности и објаснува кои можност се искористени и како.<br>• Опишува дејност на фирма насочена кон остварување додадена вредност и објаснува како се остварува додадената вредност. |

| | |
|---|---|
| • **Анализа на можностите и заканите за отворање нови бизниси**<br>(истражување на пазарот) | • Ги наведува и опишува (преку пример) околностите кои треба да се земат предвид при отворање нов бизнис.<br>• Ги наведува и опишува (преку пример) аспектите на анализа на пазарот што треба да се направи пред да се отвори сопствен бизнис.<br>• Ги споредува (преку примери) карактеристиките на пазарот што го прават поволен за отворање сопствен бизнис и карактеристиките што го прават неповолен. |

**Примери за активности**

- Учениците следат презентација во која се објаснува што претставуваат и како се класификуваат ресурсите во економијата:
    - *природни ресурси (земја, вода, минерали, извори на енергија),*
    - *човечки ресурси (*човечки труд, вештини, знаење, и искуства*)*
    - *капитални ресурси (инфраструктура, машини, опрема, транспортни средства, технологија)*
    - *основни материјали (суровини) (*метали, хемикалии, природни материи, синтетички материи, хранливи материи и сл.)

  Потоа, учениците, поделени во шест групи, влечат по едно од следните ливчиња: (1) фабрика за безалкохолни пијалаци, (2) фарма за кокошки, (3) ресторан, (4) болница, (5) фабрика за лекови и (6) туристичка агенција. Секоја група се става во улога на сопственици на она што е наведено на „нејзиното“ ливче, со задача да наведе кои ресурси (кој вид и што конкретно од секој вид) им се потребни за да го водат бизнисот во „нивната“ фирма. Откако групите ќе го презентираат сработеното, добиваат нова задача – да определат дали нивната фирма нуди производи или услуги на пазарот и да ги поврзат ресурсите што се неопходни за да се дојде до производите, односно да се овозможат услугите што ги нудат. По презентација на сработеното од страна на сите групи, во заедничка дискусија се заклучува дека производите се предмети или материјали кои се произведуваат или преработуваат и продаваат како производи на пазарот, а услугите се активности, искуства, знаење и вештини кои им се нудат за користење (им се пружаат) на други.

- *Учениците се воведуваат во хипотетичка ситуација: треба да замислата дека преживеале бродолом и дека се сега заглавени на пуст остров. На островот има ограничени ресурси и тие мора да одлучат како мудро да ги користат за да преживеат додека не пристигне помошта. Учениците се делат во мали групи и секоја од нив претставува одделна група преживеани на островот. Групите добиваат список на ресурсите што се на моментално на располагање (пр., 1 кутија кекси, 2 конзерви компот, 3 јаболки, 1 шише вода и 2 мали шишиња газиран пијалак, нож и виљушка). На островот може да се најде храна и материјали за градење засолниште, но и овие ресурси се ограничени. Од групите се бара да донесат одлука за тоа како да ги распределат ресурсите, а како насоки во одлучувањето може да ги користат следните прашања: (1) Колку дена ќе им трае храната и пијалакот што им е на располагање?, (2) Како да ја распределат храната што им е на располагање?, (3) Дали треба да работат заедно или да се натпреваруваат за тоа кој што од ресурсите да добие?, (4) Дали треба да му дадат приоритет на градењето засолниште или на барањето храна?, (5) Кој да ја добие храната што ќе*

*ја најдат на островот?. Откако ќе одговорат на прашањата, им се воведуваат нови елементи во сценариото, како на пример, ненадејна бура уништила дел од засолништето или снабдувањето со храна е намалено поради прекумерна потрошувачка. Од учениците во групите се бара да одлучат што ќе прават во новонастанатата ситуација. По завршување на задачата, групите ги презентираат своите одлуки.*
*Потоа наставникот го објаснува поимот недостиг што во економијата означува дека ресурсите се ограничени и затоа не може да ги задоволат неограничените потреби на поединците и на општеството во целина (како што во нивната ситуација немаше доволно ресурси за да се задоволат сите потреби на сите од групата преживеани). Следи дискусија со учениците за нивните согледувања, врз основа на следните прашања:*

- *Со какви предизвици се соочивте поради недостигот?*
- *Како недостигот влијаеше на вашите одлуки?*
- *Кои стратегии ги користевте за да се справите со недостигот?*
- *Кои лекции ги научивте за управувањето со ресурсите и соработката?*

Од дискусијата треба да произлезе заклучокот дека *поради тоа што ресурсите, вклучувајќи ги парите и времето, се ограничени, а потребите се неограничени, поединците, бизнисите и владите мора да прават избори за тоа како да ги распределат ограничените ресурси во услови кога постојат најразлични цели за кои може да се користат, при што кога ќе се одлучи ресурсите да се насочат кон една цел, се отфрла можноста да се користат за друга цел. (Недостигот наметнува потреба да се направи избор во што ќе се вложат ресурсите врз основа на она што се смета за приоритетно и да се искористат ресурсите на начин кој ќе овозможи да се добие најмногу што може.)*

- Наставникот прво објаснува што е понуда (*количината на производи или услуги што производителите се подготвени и способни да ги понудат на продажба во одреден период) и од кои фактори зависи колкава ќе биде понудата (од тоа колку чини да се произведе стоката/услугата и колку фирми ја произведуваат/нудат истата или слична стока/услуга. Пото објаснува* што е побарувачка (*количината на производи или услуги што потрошувачите се подготвени и способни да ги купат во одреден период) и од кои фактори зависи колкава ќе биде побарувачката (од цената на стоката/услугата, од цената на слични производи/услуги, од куповната моќ на потенцијалните потрошувачи и од бројот на потенцијални потрошувачи). Следи поделба на учениците во групи со задача да ги објаснат факторите кои влијаат на понудата и побарувачката преку примерот на автомобилите Мерцедес и Пежо (половина од групите) односно преку примерот на хамбургери што се служат во ресторан и хамбургери што се нудат во продавница за брза храна (другата половина од групите). По завршување на задачата, групите ги презентираат своите објаснувања, дополнувајќи се и коригирајќи се една со друга. На крајот се дискутира како цените на автомобилите и на хамбургерите од примерите се разликуваат за да се заклучи дека цената зависи од трошоците за производство (ресурсите што се вклучени во нив) и односот меѓу понудата и*

*побарувачката.*

- *Учениците се делат во четири групи: група која продава сендвичи, група која сака да купи сендвичи, група која продава шишиња со вода и група која сака да купи вода. Се очекува да замислата дека учениците од некое училиште се наоѓаат на екскурзија на планина, дека превозот не им стигнал на време и повеќето се веќе гладни и жедни и немаат што да јадат и пијат. Двете групи „продавачи“ имаат одредена количина производи (сендвичи, односно шишиња вода) што сакаат да ја продадат (при што никој нема доволно за сите ученици), а двете групи „купувачи“ се наставници од училиштето кои треба да купат производи за своите гладни/жедни ученици. Секој „продавач“ на ливче запишува колку сендвичи/шишиња вода нуди за продажба, а секој „купувач“ на ливче запишува колку сендвичи/шишиња вода сака да купи и по која цена. Врз основа на напишаното на ливчињата, продавачите и купувачите преговараат за да се договорат за цената на производите што ги продаваат/купуваат, при што треба да го земат предвид разликите во цените на производите, количината на производите што се нуди по дадена цена и количината на производите што треба да ги купат. Се очекува „продавачите“ да ги приспособат цените на производите што ги нудат врз основа на повратните информации што ја добиваат од „купувачите“. По извесно време активноста се прекинува и се бара од учениците да ги споделат своите искуства за тоа како течеле преговорите и колку се променила цената на производите во текот на преговорите. Потоа се дискутира за тоа како цената на производите зависи од односот меѓу понудата (количината на производи што се на продажба) и побарувачката (количината на производи што потрошувачите сакаат да ги купат) за да се заклучи дека со зголемување на понудата и намалување на побарувачката цената на производите опаѓа, а со намалување на понудата и зголемување на побарувачката, цената на производите расте.*
- Учениците следат презентација во која се наведува и накратко се објаснува зошто служат парите во економијата:
  (1) *Средство за размена/купување* (се користат за да се купи нешто без да треба да се разменуваат производи или услуги со други луѓе)
  (2) *Мерило на вредност* (се користат за одредување на вредноста на производите и услугите што овозможува споредување на различни производи и услуги)
  (3) *Средство за зачувување вредност* (парите може да се чуваат во различни форми, како што се банкарски сметки, акции, обврзници или како банкноти, за да можат да подоцна да се користат за купување нешто.
  (4) *Средство за трансакции* (овозможуваат финансиски трансакции, како што се плаќање сметки, инвестирање, позајмување и сл.)
  (5) *Средство за стимулација на економските активности* (кога се трошат повеќе пари на купување производи и услуги, се зголемува трговијата и можностите за економски раст и развој во државата)

  Потоа учениците се делат во групи и секоја група добива задача да се замислат како семејство кое поседува продавница за овошје и зеленчук и да наведат примери преку кои ќе ја илустрираат секоја од наведените улоги на парите во нивниот живот. При тоа може да користат информации од истражување на интернет. По завршување на задачата, групите го презентираат сработеното –сите групи

презентираат за една улога, пред да се премине на следната.

- Учениците следат презентација во која се објаснува што претставува вкупен приход (износот на парите кои фирмата ги заработи од продажба на своите производи или услуги), а што вкупен трошок на една фирма (износот на парите кои фирмата ги потрошила за производство како што се ресурсите и платите, за рекламирање, за дистрибуција и за продажба на своите производи/услуги) и како се пресметува  профитот на фирмата (разликата помеѓу вкупните приходи и вкупните трошоци), како се остварува профитот и од што зависи колкав ќе биде.
  Потоа, учениците, поделени во шест групи, влечат по едно од следните ливчиња: (1) фабрика за фабрика за безалкохолни пијалаци, (2) фарма за кокошки, (3) ресторан, (4) болница, (5) фабрика за лекови и (6) туристичка агенција. Секоја група се става во улога на сопственици на фирмата што е наведено на „нејзиното“ ливче, со задача да уврди врз основа на кои конкретни работи ќе се утврди вкупниот трошок на „нивната фирма, а врз основа на што вкупниот прифод на фирмата. Откако сите групи ќе го презентираат сработеното, се води дискусија прво по прашањата *Кога профитот на фирмата би бил позитивен, а кога негативен?* за да се заклучи дека профитот е позитивен кога фирмата заработила повеќе пари отколку што потрошила, а негативен, кога потрошила повеќе пари отколку од што заработила. Потоа се поставува прашањето *Кои фирми се профитабилни?* за да се заклучи дека профитабилни се оние фирми кои ефикасно управуваат со своите извори на приходи, ги контролираат трошоците и обезбедуват нивните вкупни трошоци да не го надминуваат остварениот приход.
- Учениците добиваат работен лист на кој е опишана работата на две фирми за производство на облек што се разликуваат според тоа колку се општествено одговорни. Во описот на едната фирма се наведени следните карактеристики:
  - Вработените се принудени да работат по 10 саати дневно, за многу ниска плата. (1)
  - Шивалните во кои работат вработените се недоволно осветлени и непроветрени (2)
  - Остатоците од растворените бои со кои се бојат материјалите ги исфрла во блиската река. (3)
  - Одбива да вработи лица што имаат оштетен слух или говор. (4)
  - Не спонзорира културно-уметнички настани во средината. (5)

  Во описот на другата се наведени „спротивни“ карактеристики, со поинаков редослед:

  - Спонзорира културно-уметнички настани во средината. (5)
  - Меѓу вработените има лица со оштетен слух или говор. (4)
  - Вработените работат по 8 саати дневно од понеделник до петок, за пристојна плата. (1)
  - Остатоците од растворените бои со кои се бојат материјалите ги насочува во пречистителна станица. (3)
  - Шивалните во кои работат вработените се осветлени и проветрени. (2)

  Задача на групите е да определат по што се разликуваат двете фирми – да ги најдат паровите спротивставени карактеристики кои се однесуваат на ист аспект од функционирањето на фирмите (во горниот пример, во заградата по дадениот опис со број се означени

карактеристиките што треба се спарат) и да објаснат по што се разликуваат аспектите. Потоа, во заедничка дискусија се констатира која од двете опишани може да се смета за општествено одговорна поради следните аспекти од нејзиното работење:

(1) постапува етички со вработените (не ги експлоатира)
(2) се грижи за здравјето на вработените (обезбедува соодветни работни услови)
(3) се грижи за животната средина (не загадува)
(4) ги почитува правата на лицата со попреченост (инклузивна е)
(5) обезбедува поддршка за социјалната средина

На крајот се дискутира по прашањата: *Дали општествено одговорните фирми имаат поголеми трошоци од другите фирми?*, *Од што зависи профитот на овие фирми?* и *Од кој вид фирми треба да купуваат граѓаните што се социјално одговорни?*, за да се констатира дека профитот на фирмите, освен од трошоците зависи и од приходот што се остварува од продажбата на производите, што во голема мера зависи од ставот на потрошувачите.

- Наставникот го воведува поимот *економски систем* (како рамка за функционирање на економијата во една држава), ја објаснува основната разлика меѓу регулираната економија (владата одлучува што ќе се произведува, колку ќе се произведува и по какви цени ќе се наплаќаат производите и услугите; владата ги контролира платите и распределбата на ресурсите; владата ги поседува големите индустрии, енергетските постројки и дистрибутивната мрежа) и пазарната економија (од понудата и побарувачката зависи што се произведува, колку се произведува и по кои цени се продаваат производите и услугите; производството и услугите се во рацете на приватни бизниси; поединците имаат слобода да започнат бизниси, да поседуваат имот и да донесуваат економски одлуки врз основа на сопствените интереси; бизнисите меѓусебно се натпреваруваат за потрошувачи). Потоа, учениците се делат во групи и секоја група добива работен лист во кој се наведени карактеристики на регулираната и пазарната економија. Задача на групите е да ги идентификуваат предностите и недостатоците на двата вида економски системи (во заградата по наведената карактеристика е посочен очекуваниот одговор).

(1) Во пазарната економија, индивидуалците и компаниите имаат слобода да избираат како и што ќе произведуваат. (предност за ПЕ)
(2) Некои закони за регулирање на економијата може да бидат неефикасни па затоа да не се почитуваат, што може да доведе до недоверба во системот. (недостаток РЕ)
(3) Владата можат да застане во заштита на интересите на потрошувачите. (предност за РЕ)
(4) Пазарната економија може да предизвика недостаток на јавни услуги, како што се образование, здравствени грижи и инфраструктура, особено за оние кои не можат да си дозволат да го платат тоа од сопствени средства. (недостаток за ПЕ)
(5) Владата може да наметне стандарди за заштита на животната средина и користење на природните ресурси. (предност за РЕ)
(6) Слободниот пазар овозможува конкуренција што ги поттикнува иновациите и креативноста во производството. (предност за ПЕ)
(7) Во трката за профит, фирмите може да преземат активности што го загадуваат воздухот и водите или премногу ги експлоатираат природните ресурси. (недостаток за ПЕ)

(8) Некои закони за регулирање на економијата може да ги зголемат трошоците за водење на бизнисите, што може да го ограничи профитот на фирмите и да го забави нивниот развој. (недостаток РЕ)

(9) Пазарната економија им овозможува на фирмите да се прилагодуваат на променливите услови на пазарот, што ги прави пофлексибилни да одговорат на потребите на потрошувачите. (предност за ПЕ)

(10) Пазарната економија може да создаде големи разлики меѓу богатите и сиромашните, што може да доведе до социјална неправда и нееднаквост. (недостаток за ПЕ)

(11) Регулираната економија може да ја ограничи слободата на фирмите и така да ја намали нивната флексибилност во прилагодувањето на пазарните услови. (недостаток РЕ)

(12) Владата може да преземе мерки за заштита на правата на работниците и спречување експлоатацијата од секој вид. (предност за РЕ)

По завршување на задачата групите ги презентираат одговорите и меѓусебно ги усогласуваат со помош на наставникот. На крајот одделно се прочитуваат прво предностите на едниот и предностите на другиот систем, а потоа и нивните недостатоци.

- Наставникот посочува дека повеќето економски системи во светот се комбинирани (имаат карактеристики и на едниот и на другиот вид), иако некои се послични на пазарната, а некои на регулираната економија. Учениците, поделени во пет групи, влечат по едно од следните прашања што се однесуваат на економскиот систем на Шведска:

  (1) Дали Шведска има слободен пазар? Што овозможува тоа?

  (2) Кој ја произведува и дистрибуира електричната енергија во Шведска?

  (3) Каква улога има шведската влада во снабдувањето со електрична енергија во државата?

  (4) Која е улогата на владата на Шведска во обезбедувањето социјална и здравствена заштита на граѓаните?

  (5) Какви се придобивките на граѓаните од програмите за социјална и здравствена заштита на шведската влада?

  (6) Од каде се обезбедуваат средствата за финансирање на програмите за социјална заштита во Шведска?

  (7) Колку е Шведска отворена кон меѓународниот пазар? Што постигнува со тоа?

  Нивна задача е, преку истражување на интернет да одговорат на „своето“ прашање. Откако сите групи ќе го презентираат сработеното, во отворена дискусија се заклучува дека Шведскиот економски систем е комбиниран – има елементи на пазарна економија (производството е во рацете на приватниот сектор) и на регулирана економија (социјалните и здравствените услуги се контролирани од владата и се обезбедуваат преку даноците што се најголеми за најбогатите граѓани; условите за производство , дистрибуција и користење на електричната енергија ги контролира владата која исто така вложува во развој и одржување на електричните централи и електричната мрежа).

- Наставникот објаснува што значи економска сигурност (кога граѓаните веруваат дека нивните економски потреби ќе бидат се задоволени и дека ќе има доволно работни места во догледно време), а што економски раст и развој (кога економијата обезбедува поголемо производство и достапност до повеќе услуги што придонесува за унапредување на квалитетот на животот на граѓаните). Учениците се делат

во групи со задача да истражат како се обезбедуваат економска сигурност и економски раст во регулираната и пазарната економија Потоа се отвора дискусија по прашањата: (1) *Кој економски систем (регулирана или пазарна економија) придонесува за поголем економска раст* и развој*? Зошто?* и (2) *Кој економски систем обезбедува поголема економска сигурност? Зошто?.* Од дискусијата треба да произлезе заклучокот дека економскиот раст и развој е поголем во системите со пазарна економија затоа што таквата економија е водена од потребата да се оствари поголем профит во услови на силна конкуренција (за разлика од регулираната економија која е планирана и од резултатите што ќе се постигнат со реализација на планираното зависи дали ќе има пораст на производите и услугите), додека економската сигурност е поголема во системите со регулирана економија затоа што во нив се задоволуваат основните потреби на граѓаните – за сите има работа, домување и храна (за разлика од пазарната економија во која работата не е гарантирана; богатите многу полесно го зголемуваат своето богатство, а има сиромашни кои не можат да ги задоволат ниту основните потреби).

- Учениците следат презентација во која им се објаснува што е бизнис (организација или поединец што е посветен на производство и/или продажба на производи или услуги за остварување профит). Учениците се делат во групи со задача да наведуваат конкретни примери на бизниси од секоја од следните стопански гранки: (1) производство, (2) образование, (3) здравство, (4) трговија, (5) туризам, (6) транспорт, (7) финансии, (8) земјоделие и сточарство, (9) технологија и информатика ( на пр., фабрика за мебел, приватно средно училиште, стоматолошка ординација, продавница за играчки, хотелиерство, шпедиција, осигурателна компанија, фарма за кокошки, креирање видео игри). По споделување на сработеното се дискутира за тоа кои од наведените примери се однесуваат на бизниси што ги водат организации, а кои што ги водат поединци, за да се констатира дека повеќето бизниси можат да бидат од едниот или другиот карактер, а многу често се случува бизнисот да го започне поединец (или неколку поединци) , па да прерасне во организација.
- Учениците се делат во групи со балансиран број учесници (најдобро 5-6). Во рамки на групите секој учесник, без да гледа, влече по една лажна банкнота со вредност меѓу 50 и 2000 денари. Задача на секоја група е да смисли што да направи со „парите“ што ги извлекла за да оствари профит (да заврши со повеќе „пари“). По завршување на задачата, групите презентираат што смислиле. По презентацијата на секоја група, учениците од другите групи, со помош на наставникот, проценуваат за колку би го зголемиле првичниот износ на парите доколку би се реализирало тоа што го смислиле. Потоа, наставникот сите ги прогласува за „претприемачи“ и објаснува што е претпримништво (процес на креирање, организирање и управување со бизнис или фирма, со цел да се создадат нови производи или услуги наменети за пазарот и да се обезбеди профит; се базиран на иновации и вклучува преземање ризици, развој на стратегии за пристап до пазарот и управување со финансии и ресурси) и кои лица ги нарекуваме претприемачи (оние во чии раце е процесот на претприемништво – ги воведуваат иновциите и го водат бизнисот).
- Учениците, поделени во групи, добиваат добиваат комплет од 9 картички на кои се напишани следните карактеристики на успешен претприемач:
    - *Креативност и иновативност*: способност за смислување нови идеи, оригинални решенија и поинакви пристапи кон проблемите

- *Визија, истрајност и посветеност*: имање јасно зацртана крајна цел и решително и непоколебливо делување кон остварување на таа цел преку отворено соочување со предизвиците и без потклекнување пред неуспесите
- *Приспособливост и флексибилност*: способност за брзо прилагодување на промени преку приспособување на стратегијата на делување на новонастанатите барања и потреби.
- *Храброст и преземање ризик*: спремност за преземање пресметани ризици и храбро впуштање во инвестирање време, енергија и средства во несигурни ситуации со цел да се постигне успех.
- *Самодисциплина и управување со времето*: давање приоритет на активностите кои водат кон постигнување на поставената цел и организирање на сопственото време на начин кој обезбедува фокусираност и продуктивност.
- *Лидерство*: поседување силни лидерски вештини кои ги инспирираат и мотивираат другите и придонесуваат за создавање успешни работни тимови
- *Градење односи*: способност за запознавање нови луѓе, успешно комуницирање со нив и негување на односите со нив.
- *Финансиска писменост и деловна острина*: добро познавање на финансиите, деловните принципи и пазарот, што овозможува да се носат добри одлуки и ефикасно да се управува со бизнисот
- *Етичност во однесувањето*: придржување до етичките стандарди во работата и влевање доверба во бизнис-постапките кај другите што се вклучени или би сакале да се вклучат во бизнисот

Задача на групите е да ги распоредат карактеристиките во вид на „дијамант“ – 1 една најважна (најгоре), па 2 многу важни (под неа), па 3 средно важни (на средината), па 2 помалку важни (под нив) и 1 најмалку важна (најдолу). По завршување на задачата, групите ги претставуваат картичките што ги ставиле најгоре и најдолу, објаснуваат зошто ги избрале токму тие за двете позиции и ги презентираат дилемите со кои се соочиле додека ги распределувале картичките. По заокружување со сите групи, наставникот укажува дека сите карактеристики се исклучително важни иако не се сите подеднакво застапени кај сите успешни претприемачи (кај некого се најзастапени едни, кај некој друг – други, кај некој трет – трети, итн.).

- Наставникот презентира пример на успешна претприемничка идеа од која произлегол бизнис за рециклирање на отпад со кој се редуцира отпадот и се заштитува животната средина (преку рециклирањето на отпадот, фирмата не само што го намалува количеството на отпад што завршува на депониите, туку го намалуваат и трошокот за производство на нови материјали; вклучува процеси како собирање, сортирање, транспортирање и преработка на отпадот што ќе се рециклира). По активноста следи отворена дискусија од која треба да произлезе дека бизнисот започнал од идејата за решавање на постоечки проблем од реалноста во врска со прекомерното загадување на животната средина со отпад, што може да предизвика разни проблеми како загадување на воздухот, водата и почвата и освен на животната срединаможе да му штети и на здравјето на луѓето. По дискусијата, учениците (поделени во групи), треба да понудат примери на други бизниси кои биле покренати од идејата за решавање проблем и наведените примери, со објаснување на проблемот кои ги решаваат, се

презентираат пред сите.

- Наставникот презентира пример на успешна претприемничка идеа од која произлегло создавањето на инстаграм, како платформа која обезбедува виртуелен простор каде што луѓето можат да ги изразуваат своите идеи, да ги споделуваат своите искуства и да се поврзуваат со другите. По активноста следи отворена дискусија од која треба да произлезе дека бизнисот започнал на тој начин што авторите на инстаграм ја препознале можноста да отворат бизнис користејќи ја потребата на луѓето да го креираат својот виртуелен албум со слики и видеа, да ги споделуваат со што е можно поголем број луѓе и да ги следат содржините на другите корисници.. По дискусијата, учениците (поделени во групи), треба да понудат примери на други бизниси кои биле (или би можеле да бидат) поттикнати од препознати можности (наместо од потребата да се реши некој проблем) и наведените примери, со објаснување на идејата која ги поттикнала, се презентираат пред сите.
- Наставникот прво го објаснува поимот *додадена вредност* (кога постоечки производ или услуга се подобрува или се усовршува, создавајќи значителна корист за крајниот корисник или потрошувачот; изменетите производи/услуги имаат поголема вредност за потрошувачите/корисницитет од онаа што ја имале првичните производи/услуги). Потоа презентира пример на фирма за производство на органска козметика како одговор на зголемената свест на луѓето за здрав начин на живеење и од желбата за користење на производи кои се природни и без состојки кои не се штетни по организмот на човекот (креми за лице, масла за тело, шампони, регенератори за коса, сапуни и слично, кои се произведуваат од природни состојки како растителни екстракти, етерични масла, мед и сл.). Следи отворена дискусија со учениците поттикната од прашањата: *Која е улогата на квалитетот во создавањето производи/услуги со додадена вредност?* и *Како фирмите обезбедуваат додадена вредност на нивните производи/услуги?*, за да се заклучи дека доколку новопонудените производи/услуги не се со висок квалитет, нивната корист нема да биде препозната од страна на потрошувачите/корисниците и дека вложувањето во истражување е предуслов за создавање производи/услуги со уникатни својства и предности во однос на другите производи/услуги што се нудат на пазарот. По дискусијата, учениците (поделени во групи), треба да понудат примери на други производи/услуги на пазарот кои би можеле да се подобрат и усовршат за да бидат добра основа за отпочнување оригинален бизнис. На крајот секоја група го презентира сработеното пред сите.
- Учениците, поделени во шест групи, влечат по едно од следните ливчиња: (1) фабрика за безалкохолни пијалаци, (2) фарма за кокошки, (3) ресторан, (4) болница, (5) фабрика за лекови и (6) туристичка агенција. Членовите на групата се ставаат во улога на партнери кои сакаат да отворат фирма за да го започнат бизнисот наведен на ливчето. Групите добиваат задача да одговари на следните прашања во врска со „нивниот“ бизнис:
    - Дали „вашата “ фирма нуди производи или услуги?
    - За кој пазар (кои корисници или бизниси) би биле наменети „вашите“ производи/услуги?
    - Колку голем би можел да биде пазарот за „вашите“ производи/услуги? (Колку луѓе, установи и/или фирми би биле заинтересирани

за „вашите“ производи/услуги?)

- Што би било различно доколку има други фирми во вашиата околина што ги нудат истите производи/услуги?
- Како би можеле да привлечете голем број корисници/фирми да ги купуваат „ вашите“ производи/услуги?

По презентација на сработеното од страна на сите групи, се отвора дискусија по прашањето: *Во кои околности би било најисплатливо да се започнат бизниси?*, за да се заклучи дека новоотворен бизнис би носел профит доколку пазарот за понудените производи/услуги е голем, доколку конкуренцијата е помала (има помалку слични фирми во околината) и/или доколку понудените производи/услуги се со додадена вредност.

- Проектна задача: *Истражување на локалните бизниси*. Прво, во отворена дискусија со учениците се идентификуваат сите локални бизните што постојат во заедницата (пр. самопослуга, продавница за облека, пицерија, ресторан, кафуле, трафика, фризерница, берберница, автоперална, бензиска пумпа, фарма за кокошки, фабрика за хартија, итн.) и да ги категоризираат на производни и услужни. Потоа, одделните бизниси се запишуваат на ливчиња и секоја група извлекува по едно. Од групите се очекува да го посетат „нивниот“ локален бизнис, да посматраат, да разговараат со сопственикот/вработените и со потрошувачите/корисниците со цел да подготват презентација во врска со следните аспекти од бизнисот:

(1) Видовите производи/услуги што ги нуди бизнисот
(2) Разновидноста на понудата
(3) Цените на производите/услугите и можноста за попусти и/или поскапувања
(4) Бројот на вработени и нивните улоги и одговорности
(5) Локацијата и просториите на бизнисот
(6) Конкуренцијата со која се соочува (исти или слични бизниси во околината)
(7) Бројот и профилот на потрошувачите/корисниците (колку многу и дали живеат во близина или само поминуваат од тука или специјално доаѓаат тука)
(8) Задоволството на потрошувачите/корисниците од квалитетот на понудените производи/услуги.

По завршување на оваа задача, од групите се очекува да ги анализираат сознанијата до кои дошле и да ја дополнат презентацизјата со аргументирани совети што би му ги дале на некој што би сакал да отвори ист или сличен бизнис во локалната заедница во врска со можностите за остварување профит (како да обезбеди додадена вредност на производите/услугите) и тешкотиите со кои би се соочил во освојување на пазарот. На крајот, секоја група го презентира сработеното и за време на презентацијата, учениците од другите групи се поттикнуваат да поставуваат прашања и да даваат свое мислење за презентираната анализа.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни методички приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите, учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел, наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,
- истржувачките активности за прибирање податоци,
- изработките (мултимедијални презентации, постери, брошури и друг вид презентации),
- придонесот во работата во мали групи
- домашните задачи и
- одговорите на квизови и тестови.

По завршување на учењето на секоја тема, ученикот добива бројчана сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување. Во текот и на крајот од учебната година ученикот добива бројчани оценки.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2027/2028 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26) министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Граѓанско образование* за IX одделение.** | бр. 12-8476/2<br>26.6.2026 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>______________________________ |